# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „УЧЕБНИК ПО ХОТЕЛИЕРСТВО" ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р НАКО ТАШКОВ И ВОН. ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-53/10 од 24.1.2018 од 182. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 24.1.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Марија Таковска, редовен професор на Економски институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје,
- д-р Билјана Петревска, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Учебник по Хотелиерство**" од авторите вон. проф. д-р Нако Ташков и вон. проф. д-р Дејан Методијески на Факултетот за туризам и бизнис логистика, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**Извештајот на рецензијата ги содржи следниве податоци:**

**Општи податоци за ракописот:** Овој учебник е од областа на туризмот. Учебникот се состои од девет поглавја, што е во согласност со Наставниот план и програмата на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот Хотелиерство, за којшто е наменет учебникот, е задолжителен предмет на насоките Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика, носи 8 кредити и се слуша во прва година, втор семестар со неделен фонт на часови 3+2+2. На насоката Хотелско-ресторанска е задолжителен предмет, носи 6 кредити и се слуша во прва година, втор семестар со неделен фонт на часови 2+2+1. Учебникот ќе претставува основна литература во изучување на предметната програма од горенаведената наставна дисциплина. Материјалот во ракопис за учебник е изложен концизно, прегледно со 27 табели со што ќе биде лесно разбирлив и совладлив од страна на студентите за кои е наменет.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот има вкупно 154 страници и е предаден за рецензија, среден во А4 формат. Обемот на ракописот на „Учебник по Хотелиерство" по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот „Учебник по Хотелиерство" опфаќа девет поглавја во кои се опфатени основните сознанија за хотелиерството.

Во првата глава е опфатен материјалот за појавата и историскиот развој на хотелиерството како дејност. Табеларно се прикажани капацитетите на објектите за сместување во светот. Прикажани се и статистичките податоци за бројот на туристи и бројот на ноќевања кои тие ги оствариле во нашата земја.

Во втората глава е објаснета материјално-техничката база во хотелиерството, хотелскиот комплекс (блок за ноќевање, блок за хранење и дополнителни услуги), видовите објекти за престој, нивното дефинирање и класификација.

Во третата глава се разгледуваат карактеристиките на објектите за престој, се дава дефиниција за хотел, видови на хотели, синџири на хотели, дефиниција за мотел, хостел, кампинг, бунгалови, туристички населби и други објекти за престој.

Четвртата глава е посветена на персоналот (кадрите) во хотелиерството. Објаснети се задачите, функциите и одговорностите на административно-управувачкиот персонал (менаџери) и услужниот персонал (рецепционер, домаќин и др.), нивната селекција, атестација и развој.

Петтата глава го содржи материјалот за технологијата и организацијата на услужувањето во хотелиерството. Разгледани се: резервациите и резервациските системи; пречекувањето, регистрацијата, сместувањето и испраќањето на гостите; хотелската соба (намена и опременост) и организацијата на работата во хотелското домаќинство.

Во шестата глава се обработуваат дополнителните услуги во хотелиерството (рехабилитациски, спортски, мини бар, рум сервис), социјално-психолошките аспекти во хотелското работење, безбедноста на гостинот, хотелот и животната средина и најчесто користените форми на реклама во хотелиерството.

Седмата глава е посветена на системот ол инклузив во хотелиерството. Разгледани се неговите карактеристики, факторите за развој, пазарот и развојот на овој вид на одмор.

Осмата глава ја опфаќа материјата поврзана со хотелиерството и крстарењата. Прикажана е индустријата на крстарењата и како е организиран бродот за крстарење.

Во последното поглавје се разгледува материјалот поврзан со категоризацијата на угостителските објекти, условите за категоризација, барањето за категоризација и услугите кои се нудат во угостителските објекти.

На крајот од ракописот е дадена користената литература, каде што се наведени сите наслови, цитирани во материјалот, предмет на овој учебник.

## ЗАКЛУЧОК

Според гореизнесеното, рецензентите констатираа дека поднесениот ракопис „Учебник по Хотелиерство" од вон. проф. д-р Нако Ташков и вон. проф. д-р Дејан Методијески опфаќа научни, стручни и наставни содржини според наставната програма за овој предмет. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран, а ракописот е напишан на јасно разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите.

Учебникот ќе придонесе студентите на поедноставен начин да ја совладаат оваа значајна материја од областа на туризмот, која е целосно во согласност со наставната програма на соодветната дисциплина што се слуша во прва година на насоките Туризам, Гастрономија, исхрана и диететика и Хотелско-ресторанска насока.

Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати позитивно рецензираниот ракопис за „Учебникот по Хотелиерство", поднесен од вон. проф. д-р Нако Ташков и вон. проф. д-р Дејан Методијески, како основен учебник и да одобри негово користење според Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Марија Таковска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Билјана Петревска, вонреден професор, с.р.**